Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19), министерот за животна средина и просторно планирање донесува

Упатство
за начинот на вршење теренска опсервација, инвентаризација и мониторинг на биодиверзитетот и живеалиштата на територијата на Република Северна Македонија

Член 1

Со цел унифицирање на податоците кои се собираат од сите научно истражувачки проекти заради обезбедување на соодветен електронски внес на собраните податоци во Националниот информативен систем за природа, со ова упатство се пропишува начинот на вршење на теренски опсервации, инвентаризација и мониторинг на одредени видови и живеалишта на територијата на Република Северна Македонија.

Член 2

Начините на вршење на теренска опсервација, инвентаризација и мониторинг на видовите и живеалиштата се прикажани во образците од 1 до 11 од Прилогот, кој е составен дел на ова упатство.

Во Прилогот на ова упатство се дадени следните образци:

1. Образец за теренска опсервација на васкуларни растенија,
2. Образец за теренска опсервација за бриофити/мовови,
3. Образец за теренска опсервација на цицачи,
4. Образец за теренска опсервација на птици,
5. Образец за теренска опсервација на водоземци и влекачи,
6. Образец за теренска опсервација на риби и ракови,
7. Образец за теренска опсервација на безʼрбетници,
8. Образец за теренска опсервација на видови на габи и лишаи,
9. Образец за инвентаризација и мониторинг на шуми и други шумски живеалишта,
10. Образец за инвентаризација и мониторинг на отворени живеалишта (тревни површини, вриштини и грмушна вегетација) и
11. Образец за инвентаризација и мониторинг на мочуришни живеалишта (тресетишта, блата, езера и реки).

Член 3

Правните и физички лица, субјектите за управување со заштитени подрачја и експертите, начинот на вршење на теренските активности, инвентаризацијата и мониторинг на одредени видови и живеалишта, кои се спроведуваат во рамки на научни истражувања во природата на територијата на Република Северна Македонија, задолжително ги вршат согласно ова упатство.

Член 4

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Бр. 11-392/1
18.01.2021 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
Насер Нуредини, с.р.